# СООПШТЕНИЕ

## РКЕ ги донесе решенијата за нови тарифи за водни услуги за регулираниот период 2018-2020 година

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (РКЕ) ја информира јавноста дека, врз основа на надлежностите определени со Законот за утврдување на цени на водните услуги, како и процедурите предвидени со Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга, Методологијата за определување на тарифите за водна услуга и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, постапи по Барањата за утврдување на тарифа за водна услуга поднесени од 37 даватели на водни услуги на подрачја со над 10.000 еквивалент жители од сите 8 плански региони во Република Македонија, и донесе соодветни Решенија за определување на тарифите за водни услуги за регулираниот период 2018-2020 година.

**Регулаторната комисија за енергетика со овие Решенија утврди просечни тарифи за вршење на водните услуги, како и минимален и максимален опсег** изразен во проценти во кој давателот на водната услуга може да донесе Одлука за утврдување на тарифи, која понатаму треба да биде дадена до основачот на давателот на водната услуга на согласност.

Основачи на давателите на водните услуги на кои се однесуваат решенијата за утврдување на тарифи се градоначалниците, односно општините, градот Скопје, како и Владата на РМ, соодветно, што значи дека **крајната одлука за висината на тарифите ќе биде на општините, градот Скопје и Владата на РМ, соодветно на водната услуга.**

Согласно утврдениот опсег, утврдени се максимални и минимални просечни тарифи. Минималните просечни тарифи ги покриваат оперативните трошоци, амортизацијата на сопствените основни средства и цената на долгорочните долгови на претпријатијата, додека пак максималните просечни тарифи ги покриваат оперативните трошоци, амортизацијата на сопствените основни средства и амортизацијата на бесплатно добиените основни средства, средствата за ликвидност, како и приносот на регулираните основни средства.

Утврдените тарифи од страна на Регулаторната комисија за енергетика, согласно Методологијата се просечни тарифи, што значи дека **давателите на водни услуги, во утврдените рамки, сами ќе ја определат висината на тарифите по категориите на корисници - домаќинства и останати.**

Регулаторната комисија за енергетика, при утврдување на просечните тарифи за водни услуги имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува **прагот на достапност**, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Во продолжение следи кратка анализа на барањата на давателите на водни услуги за минимална просечна тарифа и решенијата на РКЕ за минимална просечна тарифа, во однос на постојните тарифи на водните услуги, во сите 8 плански региони во Република Македонија.

Во **Скопскиот плански регион** се опфатени ЈП Водовод и канализација Скопје и ЈКП Водовод Илинден.

Согласно барањата на **ЈП Водовод и канализација Скопје**, минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се помали во просек за 1,82%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 2,68%** во однос на постојните тарифи. Водната услуга прочистување на отпадни води ќе се воведе за прв пат во 2018 година, при што согласно нивното барање минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 2,05 ден/м$^3$, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 2,04 ден/м$^3$.

Согласно барањата на **ЈКП Водовод Илинден**, минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се помали во просек за 7,76%** од постојните тарифи, додека со Решенијата на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 12,20%** во однос на постојните тарифи. Водната услуга прочистување на отпадни води ќе се воведе за прв пат во 2018 година, при што согласно нивното барање минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 7,58 ден/м$^3$, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 7,58 ден/м$^3$.

Во **Источниот плански регион** се опфатени АД Водостопанство Подружница Берово, ЈКП Услуга Берово, ЈКП Солидарност Виница, ЈКП Комуналец Кочани, ЈКП Никола Карев Пробиштип и ЈПХС Злетовица Пробиштип.

Согласно барањето на **АД Водостопанство Подружница Берово,** минималната просечна тарифа за снабдување со сурова вода за пиење наменета за водоснабдување на населението за 2018 година **е поголема во просек за 0,58%** од постојната тарифа, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се намалува за 1,09%** во однос на постојната тарифа.

Согласно барањата на **ЈКП Услуга Берово,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 14,91%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 6,34%** во однос на постојните тарифи. Наплата за услугата прочистување на отпадни води ќе се воведе за прв пат во 2018 година, при што согласно барањето на **ЈКП Услуга Берово** минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 13,49 ден/м$^3$, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 12,55 ден/м$^3$.

Согласно барањата на **ЈКП Солидарност Виница,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 30,38%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 1,28%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањата на **ЈКП Водовод Кочани,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 2,96%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 24,24%** во однос на постојните тарифи. После завршувањето на изградбата на пречистителната станица, кое се очекува да заврши во 2018 година, **ЈКП Водовод Кочани** ќе наплатува и тарифа за водната услуга

прочистување на отпадни води, при што согласно нивното барање минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 17,67 ден/м$^3$, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 12,21 ден/м$^3$.

Согласно барањата на **ЈКП Никола Карев Пробиштип,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 23,07%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се зголемуваат за 0,34%** во однос на постојните тарифи.

Согласно пресметките на **ЈПХС Злетовица Пробиштип**, минималната просечна тарифа за снабдување со сурова вода за пиење наменета за водоснабдување на населението за 2018 година **е поголема во просек за 499.94%** од постојната тарифа, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се зголемува за 4,75%** во однос на постојната тарифа.

Во **Југоисточниот плански регион** се опфатени ЈПКД Огражден Босилово, ЈКПД Комуналец Гевгелија, ЈКП Комуналец Струмица, ЈКП Плаваја Радовиш и АД Водостопанство Струмичко поле.

Согласно барањето на **ЈПКД Огражден Босилово,** минималната просечна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2018 година **се намалува во просек за 26,05%** од постојната просечна тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се намалува за 26,58%** во однос на постојната тарифа.

Согласно барањата на **ЈКПД Комуналец Гевгелија**, минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се помали во просек за 4,78%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 15,97%** во однос на постојните тарифи. Водната услуга прочистување на отпадни води ќе се воведе за прв пат во 2018 година, при што согласно нивното барање минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 7,14 ден/м$^3$, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 7,14 ден/м$^3$.

Согласно барањата на **ЈКП Комуналец Струмица**, минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 10,69%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се зголемуваат за 8,1%** во однос на постојните тарифи. Водната услуга прочистување на отпадни води ќе се воведе за прв пат во 2018 година, при што согласно нивното барање минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 15,71 ден/м$^3$, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 6,33 ден/м$^3$.

Согласно барањата на **ЈКП Плаваја Радовиш**, минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 8,75%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се зголемуваат за 7,65%** во однос на постојните тарифи. Водната услуга прочистување на отпадни води ќе се воведе за прв пат во 2018 година, при што согласно нивното барање минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 21,20 ден/м$^3$, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 13,34 ден/м$^3$.

Согласно барањето на **АД Водостопанство Струмичко поле**, минималната просечна тарифа за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за 2018 година е **поголема во просек за 24,66% од постојната тарифа**, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се намалува за 18,95%** во однос на постојната тарифа.

Во **Североисточниот плански регион** се опфатени АД Водостопанство Подружница Кумановско-Липковско Поле и ЈП Водовод Куманово.

Согласно барањата на **ЈП Водовод Куманово,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, собирање и одведување на урбани отпадни води и прочистување на отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 11,24%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие три водни услуги се зголемуваат за 7,57%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањето на **АД Водостопанство Подружница Кумановско-Липковско Поле**, минималната просечна тарифа за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за 2018 година е **поголема во просек за 9,33% од постојната тарифа**, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се намалува за 30,33%** во однос на постојната тарифа.

Во **Пелагонискиот плански регион** се опфатени ЈП Стрежево Битола, ЈП Водовод Битола, ЈКП Нискоградба Битола, ЈП Долнени, ЈП Водовод и Канализација Прилеп и ЈКП Пролетер Ресен.

Согласно барањето на **ЈП Стрежево Битола**, минималната просечна тарифа за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за 2018 година е **поголема во просек за 107,92% од постојната тарифа**, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се зголемува за 12,30%** во однос на постојната тарифа.

Согласно барањето на **ЈП Водовод Битола**, минималната просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2018 година е **поголема во просек за 5,17% од постојната тарифа**, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се зголемува за 5,66%** во однос на постојната тарифа.

Согласно барањата на **ЈКП Нискоградба Битола**, минималните просечни тарифи за собирање и одведување на урбани отпадни води  и прочистување на отпадни води за 2018 година **се помали во просек за 10,86% од постојните тарифи**, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 12,54%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањето на **ЈП Долнени,** минималната просечна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2018 година **се намалува во просек за 3,57%** од постојната просечна тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се намалува за 13,63%** во однос на постојната тарифа.

Согласно барањата на **ЈП Водовод и канализација Прилеп**, минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 12,08%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се зголемуваат за 2,17%** во однос на постојните тарифи. Водната услуга прочистување на отпадни води ќе се воведе за прв пат во 2020 година, при што согласно нивното барање минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 7,15 ден/м$^3$, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 7,15 ден/м$^3$.

Согласно барањата на **ЈКП Пролетер Ресен,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, собирање и одведување на урбани отпадни води и прочистување на отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 35,60%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие три водни услуги се зголемуваат за 13,88%** во однос на постојните тарифи.

Во **Вардарскиот плански регион** се опфатени ЈКП Дервен Велес, ЈКП Комуналец Кавадарци, ЈКП Комуналец Неготино и ЈКП Комуналец Свети Николе, како и ЈКП Лисиче Велес.

Согласно барањата на **ЈКП Дервен Велес,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година се **поголеми во просек за 10,83%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се зголемуваат за 0,75%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањето на **ЈКП Лисиче Велес**, минималната просечна тарифа за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за 2018 година е **поголема во просек за 41,78%** од постојната тарифа, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се зголемува за 4,69%** во однос на постојната тарифа.

Согласно барањата на **ЈКП Комуналец Кавадарци,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се помали во просек за 7,42%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 8,54%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањата на **ЈКП Комуналец Неготино,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 16,7%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се зголемуваат за 3,37%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањата на **ЈКП Комуналец Свети Николе,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 7,73%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 1,37%** во однос на постојните тарифи.

Во **Југозападниот плански регион** се опфатени ЈКП Стандард Дебар, МЈП Проаква Струга, МЈП Проаква Охрид, ЈП Нискоградба Охрид, ЈКП Комуналец Кичево и ЈП Студенчица Кичево.

Согласно барањата на **ЈКП Стандард Дебар,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се помали во просек за 7,08%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 9,99%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањата на **МЈП Проаква Струга,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, собирање и одведување на урбани отпадни води и прочистување на отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 44,93%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие три водни услуги се зголемуваат за 24,01%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањата на **МЈП Проаква Охрид,** минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и прочистување на отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 42.96%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се зголемуваат за 22,01%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањето на **ЈП Нискоградба Охрид**, минималната просечна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **е поголема во просек за 2,18%** од постојната тарифа, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се намалува за 6,03%** во однос на постојната тарифа.

Согласно барањата на **ЈКП Комуналец Кичево**, минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 11,37%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се зголемуваат за 10,81%** во однос на постојните тарифи. Водната услуга прочистување на отпадни води ќе се воведе за прв пат во 2018 година, при што согласно нивното барање минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 20,15 ден/м$^3$, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 13,08 ден/м$^3$.

Согласно барањето на **ЈП Студенчица Кичево**, минималната просечна тарифа за водната услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за 2018 година е **поголема во просек за 29,54% од постојната тарифа**, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се намалува за 0,62%** во однос на постојната тарифа.

Во **Полошкиот плански регион** се опфатени ОЈП Вардар Брвеница, ЈКП Врапчишта, ЈКП Комуналец Гостивар, ЈПКД Одржување Желино и ЈКП Тетово.

Согласно барањето на **ОЈП Вардар Брвеница**, минималната просечна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2018 година **е поголема во просек за 16,04%** од постојната тарифа, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се зголемува за 9,43%.** Водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води ќе се воведе за прв пат во 2018 година, при што согласно нивното барање минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 10,26 ден/м3, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 3,58 ден/м3.

Согласно барањето на **ЈКП Врапчиште**, минималната просечна тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2018 година **е поголема во просек за 9,66%** од постојната тарифа, додека со Решението на РКЕ **минималната просечна одобрена тарифа за оваа водна услуга се намалува за 2,07%.** Водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води ќе се воведе за прв пат во 2018 година, при што согласно нивното барање минималната просечна тарифа за оваа услуга изнесува 10,59 ден/м3, додека со Решението на РКЕ минималната просечна тарифа за оваа водна услуга е утврдена да изнесува 10,59 ден/м3.

Согласно барањата на **ЈКП Комуналец Гостивар**, минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се помали во просек за 2,55%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 26,71%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањата на **ЈПКД Одржување Желино**, минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се поголеми во просек за 83,29%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се зголемуваат за 35,06%** во однос на постојните тарифи.

Согласно барањата на **ЈКП Тетово**, минималните просечни тарифи за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и собирање и одведување на урбани отпадни води за 2018 година **се помали во просек за 13,22%** од постојните тарифи, додека со Решението на РКЕ **минималните просечни одобрени тарифи за овие две водни услуги се намалуваат за 20,10%** во однос на постојните тарифи.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА**